**До**
**"Македонијатурист" АД Скопје**

**Годишно собрание на акционери на**
**"Македонијатурист" АД Скопје**

**<u>ПРЕДМЕТ</u>**: Достава на Предлог од акционери со над 5% сопственост, во врска со точка 11 од Дневниот ред на редовната годишна седница на Собрание на акционери на "Македонијатурист" АД Скопје

Во врска со Јавниот повик до акционерите на Друштвото за учество на Годишно собрание на акционери на "Македонијатурист" АД Скопје, објавен во дневниот весник Нова Македонија на ден 18.03.2023 година, како и на официјалната интернет страница на Друштвото, го давам следниот предлог:

1. За единаесетата точка од Дневниот ред - Донесување на одлука за престанок на мандатот на членовите на Надзорниот одбор поради истек на времето за кое се избрани и избор на членови на Надзорниот одбор на Друштвото, предлагам како членови на Надзорниот одбор да бидат избрани:

    1. Верица Хаџи Василева – Марковска - независен член
    2. Доне Таневски – член
    3. Владо Богдановски – член

Акционер:

Доне Таневски ____________

**Скопје,**
**27.03.2023 година**

ХОТЕЛСКО УГОСТИТЕЛСКО АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
"МАКЕДОНИЈАТУРИСТ"
СКОПЈЕ

| Примено: 27.03.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 845 | – | – |

SAVA
PENZISKO

Сава пензиско друштво а.д. СКопје
Мајка Тереза 1
1000 Скопје
www.sava-penzisko.mk
телефон: 15-500

Арх.бр.03-721/2
24.03.2023

До
Македонијатурист АД Скопје
Ул.Филип Втори Македонски бр.5 Скопје

**Предлог за усвојување на Одлука за избор на независен член на Надзорен одбор на Македонијатурист АД Скопје, по однос на точка 11 од Дневниот ред на Собрание на акционери на Македонијатурист АД Скопје, закажано на ден 19.04.2023 година**

Почитувани,

Друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови Сава пензиско друштво а.д. Скопје, со седиште на ул.Мајка Тереза бр.1 Скопје, со ЕМБС 5989434 кој управува со Отворен задолжителен пензиски фонд Сава пензиски фонд и Отворен доброволен пензиски фонд Сава пензија плус, предлага Одлука за избор на независен член на Надзорен одбор на Македонијатурист АД Скопје, по однос на точка 11 од Дневниот ред на седницата на Собрание на акционери на Македонијатурист АД Скопје, закажано на ден 19.04.2023 година.

Сава пензиско друштво а.д. Скопје кое управува со Отворен задолжителен пензиски фонд Сава пензиски фонд и Отворен доброволен пензиски фонд Сава пензија плус, согласно член 390 став 5 од ЗТД, акционери кои заедно поседуваат 44.449 обични акции со право на глас, што претставува повеќе од 5% од вкупниот број на запишани акции со право на глас, предлага Одлука за избор на независен член на Надзорен одбор на Македонијатурист АД Скопје, по однос на точка 11 од Дневниот ред на седницата на Собрание на акционери на Македонијатурист АД Скопје, закажано на ден 19.04.2023 година.

**Образложение:**

За 11 (единаесеттата) точка од Дневниот ред - Донесување Одлука за престанок на мандат и избор на членови на Надзорен одбор, поради истек на времето за коешто се избрани и избор на Надзорен одбор на Македонијатурист АД Скопје , Сава пензиско друштво а.д. Скопје кое управува со Отворен задолжителен пензиски фонд Сава пензиски фонд и Отворен доброволен пензиски фонд Сава пензија плус предлага за независен член на Надзорен одбор да биде избран:

Г-дин Ѓорѓи Јанчевски, дипломиран економист

Во прилог на овој предлог доставуваме предлог- Одлука за избор на независен член на Надзорен одбор на Македонијатурист АД Скопје. Податоците за кандидатот, како и потребната документација ќе бидат дополнително достравени во законски предвидените рокови.

Согласно член 390 став 9 од ЗТД бараме предлогот да бидат објавен на начин како што е објавен јавниот повик за учество на редовната годишна седница на Собранието на акционери на Македонијатурист АД Скопје закажана за ден 19.04.2023 година.

Скопје, 24.03.2023 година

**Предлагач:**
Сава пензиско друштво АД Скопје, во име и за сметка на ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус.

MARIJA GJORGJIEVSKA Digitally signed by MARIJA GJORGJIEVSKA Date: 2023.03.24 14:00:55 +01'00'

KOSTA IVANOVSKI Digitally signed by KOSTA IVANOVSKI Date: 2023.03.24 13:46:11 +01'00'

Марија Ѓорѓиевска, CA
Член на Управен одбор

Коста Ивановски, CFA
Член на Управен одбор

**Во прилог** : Предлог- Одлука за избор на независен член на Надзорен одбор на Македонијатурист АД Скопје

Согласно чл.344 ст.3 и ст.4 од Законот за трговските друштва за предложените кандидати за членови на Надзорен одбор на МАКЕДОНИЈАТУРИСТ АД Скопје се објавуваат следните податоци:

***За Г-а Верица Хаџи Василева-Марковска***

Верица Хаџи Василева-Марковска е родена 1956 година во Берово, Република Македонија.

Верица Хаџи Василева-Марковска е дипломиран економист, магистер по маркетинг на Економскиот факултет на Универзитетот Кирил и Методиј во Скопје и носител на пост-дипломски цертификат од Универзитет на технологија од Свинбурн, Австралија. Таа е исто така дипломиран професор по англиски јазик на Филолошкиот факултет на Универзитетот Кирил и Методиј во Скопје. Таа е овластен ревизор и овластен проценител во Република Македонија. Член е на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија и на Комората на проценувачи на Република Македонија.

Верица има близу 40 години работно искуство во различни консултантски, советодавни, менаџерски, административни и обучувачки активности. Таа е еден од основачите и е партнер управител во ААГ – Анализис енд Адвајзори Груп доо од Скопје. ААГ – Анализис енд Адвајзори Груп доо е македонско консултантско друштво што обезбедува различни советодавни услуги на приватни компании, на владини организации, општини, меѓународни финансиски институции и други клиенти.

Верица има богато искуство и како предавач на различни факултети, универзитети во земјата и во странство. Носител е на звање Висок предавач на Економскиот факултет во Љубљана. Покрај тоа, предавала и на Економскиот факултет и на Правниот факултет (на пост-дипломски студии) на Универзитетот Кирил и Методиј во Скопје, предавала на пост-дипломски студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Скопје и Тетово, на пост-дипломски студии на Њујорк колеџот во Скопје, на пост-дипломските студии на Питсбург университетот во Скопје итн. Покрај консултантските активности во Македонија, обезбедувала консултантски услуги во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Србија, Таџикистан, Туркменистан.

Пред ААГ, таа беше партнер во Ernst & Young Југоисточна Европа на областа на Советодавни услуги при трансакции, и беше задолжена за Македонија, Албанија и Косово. Пред тоа, таа беше директор на Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, а пред да биде директор беше заменик на директорот на Агенцијата. Претходно работеше во Економскиот институт во Скопје.

Верица беше еден од основачите и прв Претседател на Американската комора во Македонија AmCham Macedonia. Таа беше член на Советот на Народната Банка на Република Македонија во периодот 2006-2013. Таа беше член на Управниот одбор на Пивара АД Скопје.

Таа е еден од основачите и член на Управиот одбор на Институтот на директори на Република Македонија, организација што се грижи за добро корпоративно управување, а особено за добро функционирање на управните и надзорните одбори во Македонија. Тековно таа е независен член (и претседател) на Надзорниот одбор на Македонијатурист АД Скопје. Покрај членството во органите на приватни друштва, таа е и член на органите на неколку здруженија и невладини институции, и тоа: член на Надзорниот одбор на Институтот на ревизори на Република Македонија, претседател на Надзорниот одбор на Институтот на Европски Политики, а претходно била и член на Надзорниот одбор на Комората на проценувачи на Република Македонија.

Не поседува акции во Македонијатурист АД Скопје, ниту има заеми и други обврски кон друштвото. Не поседува акции во други друштва во Република Македонија.

***За Г-дин Доне Таневски***

Доне Таневски е роден 1948 година во Скопје. Основно, средно и високо образование завршил во родниот град. Дипломирал на Економскиот факултет во Скопје во 1971 година и при крајот на истата година се вработил во „Македонијатурист“, каде работел во сметководствено-финансискиот сектор како внатрешен ревизор. Од 1975 до април 1977 година работел како раководител на Хотел „Белви“ - Скопје, а од мај 1977 до крајот на 1982 како директор на Основната организација Хотели „Турист“, во склоп на работната организација „Македонијатурист“, членка на сложената организација „Интеримпекс“ – Скопје. Од почетокот на 1983 година е назначен за Генерален Директор на „Македонијатурист“. Со општествено-економските промени во 1991 година е претседател на Управниот одбор на „Македонијатурист“ АД – Скопје. Со формирање на осигурителната компанија „Осигурителна Полиса“ АД - Скопје, бил член на бордот на директори. После завршување на овој мандат, кој траел повеќе од 10 години, бил член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД – Скопје. Од 2018 повторно е член на бордот на директори на „Осигурителна Полиса“ АД – Скопје.

Покрај работните ангажмани во „Македонијатурист“ АД – Скопје, како општествено-политички одговорен стопанственик, бил делегат во Градското собрание на Град Скопје (1975-1999) и учествувал како член во работата на неколку комисии на Собранието. Во неколку наврати бил член на извршниот одбор на Стопанската комора на Град Скопје, Стопанската комора на Македонија како и во телата на Стопанска комора на Југославија – Општо Здружение на туристичкото стопанство на Југославија, а во годините од 1986-1991 бил претседател на Собранието на спомнатата комора. Исто така бил член на Туристичкиот сојуз на Југославија со мандат од 4 години. Во неколку наврати бил член на комисиите на коморите на туристичките сојузи на Југославија и Македонија. И денес како еден од најстарите активни учесници во коморското работење е член на Коморскиот Сенат.

Член на бордот на директори на „Осигурителна Полиса“ АД – Скопје.

Акционер е во Македонијатурист АД Скопје со 88.582 обични акции.

***За Г-дин Владо Богдановски***

Владо Богдановски е роден 1957 година во Тетово, Република Македонија.

Дипломирал на Економскиот факултет во Скопје 1981 година.

Во 1983 година, се вработил како помлад референт во Фабрика за бетонски производи КАРПОШ, како помлад референт во сметководство, каде поминал околу 4 години.

Во периодот од Февруари 1987 до Септември 1989 година, во Сојузот на синдикатите на Македонија, Синдикална организација на Скопје, бил вработен како член на одбор за образование.

Од крајот на 1989 година, до крајот на 1997 година бил вработен во Електромеханички услужен сервис Скопје, каде првите 4 години бил на позицијата Комерцијален директор, а до крајот на 1997 година бил Генерален директор.

Од крајот на 1997 година до крајот на 2022 година е вработен во Македонијатурист АД Скопје, каде околу 5 години бил назначен за Менаџер на Сектор за стопанско – сметководствени работи, а потоа се до пензионирањето ја обавува менаџерската функција во Секторот за организационо технички работи.

Акционер е во Македонијатурист АД Скопје со 1.200 обични акции.

Нема заеми ниту други обврски спрема Македонијатурист АД Скопје.

***За Г-дин Ѓорѓи Јанчевски***

Ѓорѓи Јанчевски е роден 1950 година во Скопје, Република Македонија.

Дипломирал на Економскиот факултет во Скопје 1973 година.

Во 1974 година, се вработил во Републичкиот завод за цени, каде поминал околу 4 години.

Во периодот од Февруари 1978 до Септември 1985 година, работел во Основна земјоделска банка Скопје.

Во 1985 година, се приклучува на тимот на Тутунска Банка Скопје, каде ја извршува функцијата Заменик генерален директор на банката.

Од 01.01.1998 година ја извршувал функцијата Прв Генерален директор на НЛБ Тутунска банка АД Скопје.
Од 03.07.2008 година до 31.12.2015 година ја извршувал функцијата Претседател на Управниот одбор на НЛБ Тутунска банка АД Скопје.

Не поседува акции во Македонијатурист АД Скопје, ниту има заеми и други обврски кон друштвото.